

# КАРПОШ
# неделен е - билтен




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ 3-7 ное 2025 Билтен бр. 610**

# КАРПОШ ОДБЕЛЕЖУВА 49 ГОДИНИ ОД СВОЕТО ОСНОВАЊЕ

**Токму на овој датум, (3. ноември 1976 година), со Законот за формирање на општини на Град Скопје, Карпош беше основан како посебна локална самоуправа. Оваа скопска општината го добила своето име во чест на две значајни личности од историјата на македонскиот народ: Карпош – војвода и Христијан Тодоровски – Карпош.**

**Според некои домашни еминентни историчари, името на Општината не се поврзува само за двајцата народни херои, туку и за самиот поим на името Карпош, кој асоцира на монолитност,на цврстина и истрајност.**
**Последните децении, општина Карпош се движи со темпото на современите европски метрополи, во манир на урбана градска средина која континуирано се грижи за својот развој. По тој повод, на сите карпошани им го честитаме 49. роденден на Општината, со искрени желби за натамошен просперитет и благосостојба.**



## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОДОБРЕНИ И ТЕКОВНИ ПРОЕКТИ

**Ве известуваме дека Општина Карпош во наредните 10 дена, треба да започнат со следните проекти:**

**Реконструкција на постојна улична мрежа на ул.Џумајска-УЗ Кузман Јосифовски Питу, општина Карпош, договор склучен со фирма Изведувач ДГПТУ увоз-извоз БИТЕМ ДООЕЛ Скопје со наш бр. 03-8260/14 од 17.09.2025год.**
**Реконструкцијата се однесува на коловозот кој опфаќа асфалтна површина, замена на рабници и замена на долниот строј. При замена на постоечкиот долен строј ќе се одстранат дел од бехатон коцките од тротарот и истите ќе бидат повторно поставени на троотарот.**

**Реконструкција на улица Загребска, општина Карпош, договор склучен со фирма Изведувач ДГПТУ увоз-извоз БИТЕМ ДООЕЛ Скопје со наш бр. 03-8267/14 од 18.09.2025год.**
**Реконструкцијата се однесува на коловозот кој што постоечкиот е од калдрма и истиот ќе биде заменет со асфалтен слој и ќе бидат поставени нови рабници.**

**Изградба на потпорен ѕид на улица Загребска, договор склучен со фирма Изведувач ДГПТУ увоз-извоз БИТЕМ ДООЕЛ Скопје со наш бр. 03-8278/12 од 18.09.2025 год.**
**Со изградбата се врши замена на постоечката потпорна конструкција со изградба на нова потпорна конструкција.**

**Реконструкција на постојна улична мрежа и тротоари на дел од ул.Бранислав Нушиќ- УЗ Карпош 2, општина Карпош, договор склучен со фирма Изведувач ДГПТУ увоз-извоз БИТЕМ ДООЕЛ Скопје со наш бр. 03-8254/14 од 18.09.2025год.**
**Реконструкцијата се однесува на коловозот и тротоарите, кој опфаќа асфалтна површина за коловозот, замена на рабници и замена на долниот строј, додека тротоарите се дел од бехатон елементи дел се асфалтни.**

**(атмосферска исто да се додаде)**

Реконструкција на дел од ул.Трифун Бузев и паркинзи на ул.Трифун Бузев, УЗ Карпош 4, договор склучен со фирма Изведувач ДПГТТУ ФИЛИП ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз с.Бразда, Чучер Сандево, со наш бр. 03-8397/14 од 18.09.2025год.
Реконструкцијата се однесува на коловозот кој опфаќа асфалтна површина, замена на рабници и замена на долниот строј, како и замена на бехатон коцките од тротарот.

Реконструкција на постојна улична мрежа на ул.Софиска, УЗ Тафталиџе 2, договор склучен со фирма Изведувач ДПТУ ОСД Кирил ДООЕЛ експорт-импорт Штип, со наш бр. 03-8395/14 од 01.10.2025год.
Реконструкцијата се однесува на коловозот кој опфаќа асфалтна површина, замена на рабници и замена на долниот строј, како и замена на бехатон коцките од тротарот.

Реконструкција на постојна улична мрежа и тротоари на дел од ул.Атинска-УЗ Тафталиџе 1, договор склучен со фирма Изведувач ДПГТТУ ФИЛИП ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз с.Бразда, Чучер Сандево, со наш бр. 03-8396/14 од 18.09.2025год.
Реконструкцијата се однесува на коловозот и тротоарите, кој опфаќа асфалтна површина за коловозот, замена на рабници и замена на долниот строј, додека тротоарите се дел од бехатон елементи дел се асфалтни.

Реконструкција на дел од улица Новопланирана улица-3 во Нерези, договор склучен со фирма Изведувач ДГПТУ увоз-извоз БИТЕМ ДООЕЛ Скопје, со наш бр. 03-8399/14 од 17.09.2025год.
Реконструкцијата се однесува на вадење на постоечкиот бехатон и поставување на нов асфалтен слој.
Изградба на нова градинка „Пролет“ (кај Канела), договор склучен со фирма изведувач ДПТУ Нексос Инженеринг ДООЕЛ.

Изградба на повеќенаменска спортска сала во ООУ „Димо Хаџи Димов“ во Влае, договор склучен со фирма изведувач ДПИУТ Конструктор ДОО.

Реконструкција на улица Јуриј Гагарин, договор склучен со фирма изведувач ДПТУ Стентон ГРАДБА ДОО.

**Реконструкција на улица Петар Чаулев, договор склучен со фирма изведувач ГП Гранит.**

**Во тек е тендерска постапка за проектите:**

**Изградба на училишна спортска сала во ООУ Братство.**

**Фекална канализација вон опфат во Бардовци.**

**Изградба Нановопланирана улица 5,6 и 7 Блок 2 и 3 – Бардовци.**

**Изградба на водовод и каналзација на Новопланирана улица 5,6 и 7 Блок 2 и 3 – Бардовци.**

**Проекти во тек:**

**Изградба на канализација на улица Ловќенска 4, изведувач Енергомонтажа**
**Изградба на дел од улица Новопланирана 3 – изведувач фирма Битем**
**Завршни работи на општинска зграда**
**Изградба на градинка Мајски цвет во Тафталиџе 2**

**Одобрени проекти:**

**Основен проект за изградба на водоводна, фекална и атмосферска канализација на сервисна улица СЕ-1 (дел од улица Скупи – 2369)**
**Основен проект за водовдна мрежа на дел од сервисна улица С3 – улица Скупи, станбена улица СТ-8, станбена улица СТ-9, и сервисна улица СЕ-2, за Б2 – големи трговски единици по ДУП за градска четврт ЦЦ3 02, блок 06 Општина Карпош**
**Основен проект за фекална каналаизаиција на дел од сервисна улица С3 – улица Скупи, станбена улица СТ-8, станбена улица СТ-9, и сервисна улица СЕ-2, за Б2 – големи трговски единици по ДУП за градска четврт ЦЦ3 02, блок 06 Општина Карпош**
**Основен проект за Новопроектирана секундарно-улична мрежа за улица 1687 – Бардовци.**
**Основен проект за изградба на фекална и атмосферска канализација на улица 1687 Бардовци.**
**Проширување на капацитети на градинката „Пролет“ клон „Сончогледи“- Влае. Изградба на седум нови занимални.**

**Нарачани проекти кои во моментот се изготвуваат:**

Основен проект за изградба на катна гаража во Карпош 1, позади кафулето Рузвелт

Основен проект за реконструкција на интегрирана сообраќајна површина крак 2 од улица 4 на КП 828/6, КО Бардовци, м.з. Бардовци, Општина Карпош

Основен проект за реконструкција на интегрирана сообраќајна површина крак 1 од улица 4 на КП 825/4 КО Бардовци, м.з. Бардовци, Општина Карпош

Оснвоен проект за реконструкција на интегрирана сообраќајна површина крак од улица 12 на КП 1447, КО Бардовци

Основен проект за изградба на атмосферска канализација на дел од ул.„18“ во м.з.Бардовци , Општина Карпош.

Основен проект за изградба на фекална канализација на дел од ул.„18“ во м.з.Бардовци , Општина Карпош.

Основен проект за изградба на фекална канализација на дел од ул.„14“ во м.з.Бардовци , Општина Карпош.

Основен проект за реконструкција на интегрирана сообраќајна површина крак 2 од улица 10 на КП 1761, КО Бардовци, м.з.Бардовци, Општина Карпош.

Основен проект за реконструкција на интегрирана сообраќајна површина крак од улица 18 на КП 2139/1, КО Бардовци, м.з.Бардовци , Општина Карпош.

Основен проект за реконструкција на интегрирана сообраќајна површина крак од улица 2 на КП 1845/1, КО Бардовци, м.з.Бардовци, Општина Карпош.

Основен проект за реконструкција на интегрирана сообраќајна површина крак 1 од улица 10 на КП 1485, КО Бардовци, м.з.Бардовци , Општина Карпош.

Основен проект за изградба на Новопланирана пристапна улица на дел од КП 478/1, КП 479/1 , КП 478/1 и др. КО Бардовци, м.з.Бардовци, Општина Карпош.

Основен проект за реконструкција на пристапна патека на КП 3450/1 , КО Карпош, УЗ Тафталиџе 2, Општина Карпош.

**Изготвени проекти**

1.Основен проект за новопроектирана секундарна улична мрежа за дел од „Новопланирана ул.1“, Општина Карпош

2.Основен проект за реконструкција на постојна улична мрежа на дел од Новопланирана улица 9, УЗ Пецо Божиновски Кочо, Општина Карпош

Основен проект за новопроектирана секундарна улична мрежа за Новопланирана улица 13, УЗ НЕРЕЗИ, Општина Карпош

Вкупната вредност на сите овие проекти изнесува околу 9.5 милиони евра.

## БЕСПЛАТЕН ЕХО ПРЕГЛЕД НА ДОЈКИ

**По повод месецот на женското здравје, ве известуваме дека и во месец ноември средствата за бесплатни ехо прегледи се уште не се исцрпени. Упатуваме апел до младата женска популација да ја искористат можноста која ја нуди овој проект и да направат превентивни ехо прегледи на дојка.**

**Овој проект се реализира преку Програмата за еднакви можности меѓу жените и мажите за 2025 година на Општина Карпош, како проектна активност за превенција и поддршка на женското здравје во соработка со приватната здравствена установа „Св. Алексеј“ која се наоѓа во Поликлиника Букурешт во Карпош 3. Овие бесплатни ехо прегледи на дојки се наменети за девојки од 20 до 30 годишна возраст и за истите локалната самоуправа издвои 200.000 денари.**



# КАРПОШ ГО ИЗБРА СВОЈОТ ТАЛЕНТ

**Со свои театарски изведби, музички перформанси и танцови точки, учениците од десетте основни училишта на Општина Карпош денеска се претставија пред многубројната публика во рамки на традиционалната манифестација „Карпош има талент". Во преполната сала во киното „Cineplexx", каде одекнуваа воздишките и силно се чувствуваа емоциите, младите карпошани создадоа атмосфера која доликува на едно динамично шарено детско шоу. Во него тие го покажаа својот раскошен талент, презентирајќи ги своите уметнички перформанси како актери, пејачи и танцувачи.**

**Оваа година, манифестацијата имаше интернационална тематика, бидејќи сите училишта претставуваа по една држава. На овој училиштен настан кој е во организација на Одделението за образование при Општина Карпош, стручното жири составено од актерите Ангела Лефкова, Гоце Андонов и Сара Томевска имаше навистина тешка задача. Ритамот на турскиот мелос одигран од талентираните ученици од ООУ „Петар Поп Арсов", го освои првото место на традиционалната манифестација ,,Карпош има талент". Второто место го поделија двете основни училишта ,,Владо Тасевски" кои ја претставуваа Франција и „Вера Циривири Трена", кои го интерпретираа традиционалниот грчки мелос. Треторангирани беа основците од ,,Војдан Чернодрински" кои ги презентираа културните специфики на Босна и Херцеговина и учениците од „Братство" кои ја претставија Германија. Наградата за најдобар краткометражен филм под наслов „Карпош низ детскиот објектив", ја освои ООУ ,,Димо Хаџи Димов". На тема „За мојата општина", првата награда за најдобра литературна творба во одделенска настава ја освои Андреа Гаговска од ООУ ,,Христијан Тодоровски Карпош". Второто место го освои Ника Златановска од ООУ „Аврам Писевски", додека пак третото место и припадна на Христина Маркоска од ООУ „Лазо Трповски". Во предметна настава, првото место на литературниот конкурс го доби Ангела Стојаноска од ООУ „Вера Циривири Трена". Втората награда ја освои Викторија Талеска од ООУ „Лазо Трповски", а третата позиција ја обезбеди Андреј Стојановски од ООУ „Војдан Чернодрински". За оваа намена, локалната самоуправа обезбеди и финансиска поддршка, како еден вид награда за најталентираните основци од Карпош.**



# ЗАВРШНА ПРЕС КОНФЕРЕНЦИЈА, НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ, СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ

**Почитувани медиуми,**

**На оваа последна прес конференција како градоначалник на општина Карпош сакам да им ги соопштам следните информации на жителите на Општина Карпош:**

**На 4 ноември, 2021 година, кога стапив на функкцијата од мојот претходник наследив:**

**330 милиони денари блокирана сметка и уште една блокада од УЈП на 39 милиони денари, или вкупна блокада на 369 милиони денари**
**Да потсетам, Буџетот на Општина Карпош во 2020 година бил 363 милиони, или толку биле вкупните приходи**

**На денешен ден, четири години и три дена потоа, оставам општина со:**

**72 милиони денари на жиро сметка**
**со измирени сите тековни обврски**
**судски пресуди кои уредно се сервисираат**
**До денес, Општина Карпош има приходи од 700 милиони денари, а до крајот на годината ќе има скоро 800 милиони денари**

**Или, сум презел општина со 6 милиони евра приход и 6,5 милиони евра долг, а денес оставам општина со 13 милиони евра приход. Она што е најважно, приходите на општината се качени во четиригодишен мандат кој важи за период на дезинвестирање.**

**Во моментот во Карпош се гради само една висококатница и два објекта во Момин Поток и три помали објекти од пет ката. За разлика од нас, има општини во кои во моментот се градат над 80 станбени згради повисоки од шест ката. Ова само покажува колку сме биле вешти во менаџирањето на приходите и како општина Карпош, со покачување на даночните приходи успеа да ја стабилизира општината и од истата да направи самоодржлив проект.**

На 4 ноември 2021 година не наследив ниту еден сериозен инфраструктурен проект.

Денес, 7 ноември, 2025 година, оставам:

4 проекти во тек
12 проекти за кои се склучени договори и воведени во работа и фирмите воведени во работа
4 проекти за кои течат тенедрски постапки и уште
6 проекти одобрени од Владата на Р. Македонија
со вкупна вредност над 9,5 милиони евра.

Покрај ова, во фаза на изработка, нарачани се уште 10 инфраструктурни проекти, меѓу кои и катна гаража за Карпош 1.

